# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

# НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2026 ГОДИНА

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2026 ГОДИНА

*Март 2026*

# *ВОВЕД*

Ова Упатство има за цел запознавање на корисниците со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година за Мерка 213- Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики и тоа за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционално овчарство

Упатството вклучува и објаснување по однос на процесот на доставување на документи и обработка на барањата

# *МЕРКА 213- ПОМОШ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА РУРАЛНИТЕ ПРЕДЕЛИ И НИВНИТЕ ТРАДИЦИОНАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ*

## *ОПИС НА МЕРКАТА*

Целта на мерката е зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики. Средствата за овој јавен повик се наменети за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционално овчарство, за шталско одгледување на добиток не следи финансиска поддршка.

## *ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ*

Прифатливи трошоци за Мерка 213- Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики и тоа за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционално овчарство е просечна месечна нето плата и тоа:

- во висина од 100% од исплатената просечна нето-плата во Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина еднаква или повисока од 700 метри;
- во висина од 60% од исплатената просечна нето-плата во Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина пониска од 700 метри;

## *КОРИСНИЦИ*

**Општа дефиниција на корисник**

Потенцијален корисник е земјоделско стопанство впишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со Закон за земјоделството и рурален развој правно организирано како трговско друштво или друго правно лице кое врши земјоделска дејност, утврдено со закон **или семејно земјоделско стопанство;**

НАПОМЕНА: Барателите треба да го ажурираат статусот и податоците на земјоделското стопанство во Единствениот регистар во земјоделски стопанства и истото можат да го направат во Подрачната Единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Барателите треба да го ажурираат статусот и податоците во Агенцијата за храна и ветеринарство.

## *КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ.*

| ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ НА БАРАТЕЛОТ | |
|---|---|
| **Соодветни капацитети** | **Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник** |
| - Поддршката се доделува во соодност:<br>- 1 вработено лице на 150 овци<br>- 1 вработено лице на 100 кози<br>- 1 вработено лице на 50 говеда | - не повеќе од 620.000 денари по вработено лице |

## *НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ*

### *ОПШТИ ПРИНЦИПИ*

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година се врши врз основа на одобрено барање за исплата по завршување на административната контрола на барањата.

### *ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година финансира типови на инвестиции кои не се

финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Северна Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.

- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Северна Македонија.

## *ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ*

Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства за **мерката 213, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година,** Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.

## *ПОСТАПКА ПРЕД АФПЗРР*

1. **Поднесување на барање**

Пополнетите барања за исплата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката "НЕ ОТВОРАЈ", за Јавен повик број 01/2026 и назначување на шифрата на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

Барањето и потребните документи се доставуваат до:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, Сектор за одобрување исплата, ул. „3-та Македонска бригада" бр. 20 зграда на Македонија Табак блок Ц 1000 Скопје, Република Северна Македонија** или лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса.

2. **Обработка на барање за исплата и постапка за одобрување на исплата**

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи после завршување на постапката за одобрување на исплата Агенцијата ги враќа истите заедно со донесеното решение до крајниот корисник (на барање на корисникот). Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку барањето за исплата е доставено после рокот, барањето ќе биде отфлено и износот на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

За барањата кои се некомплетни или нејасни, барателот се известува од страна на Агенцијата во рок не пократок од осум дена да го дополни или појасни барањето, а во спротивно за барањето се одлучува врз основа на доставената документација.

Барањата поднесени во рокот утврден во јавниот повик, се обработуваат преку вршење на административна контрола. Проверката на комплетност на барањата се врши преку

утврдување дали се доставени и валидни сите потребни документи согласно Програмата и јавниот повик. Проверката на соодветноста се утврдува преку исполнетоста на условите за користење на финансиска поддршка, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и Законот за земјоделство и рурален развој.

За барањата кои се комплетни и ги исполнуваат условите за финансиска поддршка се донесува Решение за одобрување на исплатата на средства, од страна на Агенцијата. За некомплените и несоодвените барања се донесува Решение за одбивање на барањето од страна на Агенцијата.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена, притоа може да приложи тужба во управна постапка до Управен суд согласно законските предвидени постапки.

Против решенијата на АФПЗРР не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка.

Против решенијата на АФПЗРР може да се поведе управен спор во рок од 30 дена по прием на решението.

## *ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ*

1. Барателот поднесува уредно и комплетно пополнето барање за исплата.
2. Барателот ја доставува документацијата во затворен плик преку препорачана пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување исплата, ул.Трета Македонска Бригада бр. 20 (зграда Македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на Агенцијата секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката/потточка за која аплицира.
3. Барателот ја доставува дополнителната документација во затворен плик преку препорачана пошта на адреса: Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување исплата, ул.Трета Македонска Бригада бр. 20 (зграда Македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на агенцијата секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" дополна за архивски број кој ќе биде наведен во известувањето за дополнување на барањето.
4. Исплатата на средства од оваа Програма по корисници ја врши Агенцијата врз основа на одобрени барања за исплата.
5. Доколку барателот или корисникот на средства од програмата ја промени адресата за коресподенција, истиот е должен да ја извести агенцијата.
6. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно финансиската поддршка од Агенцијата пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести агенцијата.
7. Пред поднесувањето на барањето, барателот е должен да ги има намирено сите финансиски обврски кон Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и финансиските обврски кон Јавното претпријатие за

стопанисување со пасишта и воден надоместок кон водостопанските претпријатија.

8. Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација.
9. Пред поднесување на барањето за исплата, барателите треба да ги имаат ажурирано податоците во Единствениот Регистар на Земјоделски Стопанства и Агенцијата за храна и ветеринарство.
10. Висината на поддршката се пресметува само за вработени лица кои се ангажирани за напасување на добиток. Поддршката се пресметува и за управителот доколку барателот е правно лице со приоритетна дејност од областа на земјоделството и нема вработено лица.

- **НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на ова Упатство важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година и Правилник за начинот и постапката за спроведување на поддршката за помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина.**

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување исплата.

Телефон 02 3097 460 и моб. 070 229 544 секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

## *ПРИЛОГ 2 – ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ СО БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА*

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Потврда дека правното лице нема забрана за вршење дејност (оригинал и не постара од 1 месец од објавување на јавниот повик)** | Да |
| 2 | **Потврда дека одговорното лице на правото лице нема забрана за вршење професија, дејност или должност (оригинал и не постара од 1 месец од објавување на јавниот повик)** | Да |
| 3 | **Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистер и регистерот на други правни лица (оригинал или фотокопија заверена на нотар - не постара од 1 месеци од објавување на јавниот повик која потврдува дека барателот покрај останатото врши и земјоделска дејност)** | Да |
| 4 | **Доказ за платени даноци - издаден од Управа за јавни приходи (оригинал или фотокопија заверена на нотар - не постара од 1 месеци од објавување на јавниот повик)** | Да |
| 5 | Декларации за прием на пресметка на исплатувачот на плати за пресметаниот персонален данок, уредно заверена од банка (копија) | Да |
| 6 | Извод од банка за направени трошоци за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади) по вработено лице (оригинал, уредно заверен од банка) | Да |
| 7 | Оригинал или копија заверена на нотар од М1/М2 образец како доказ за заснован работен однос за вработените лица за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади). Доколку со М1/М2 образец не се докажува дека лицето е вработено за чување и напасување на добитокот, барателот во прилог доставува и Договор за заснован работен однос за вработените лица.<br>Како вработено лице за користење на поддршка може да биде управителот, доколку субјектот нема вработено други лица за чување и напасување на добитокот и субјектот врши приоритетна дејност од областа на земјоделството | Да |
| 8 | Изјава од поднесувачот на Барањето со која изјавува дека добитокот го одгледува исклучиво номадски и дека бројот на вработени лица за номадско одгледување на добиток за кои ќе биде исплатена поддршка ќе остане ист најмалку 1 година по годината за која е исплатена поддршката (Нотарски заверена) | Да |
| 9 | Тековна состојба од единствениот регистар на земјоделски стопанства (оригинал, не постара од 1 месец од објавување на јавниот повик) | Да |
| 10 | Копија од РБО | Да |
| 11 | Доказ издаден од ЈП за стопанисување со пасишта за платена пашарина за 2025 година | Да |
| 12 | Имотен лист/Договор за закуп на земјиште и прилог имотен лист за КП-ливади и пасишта, оригинал и не постар од еден месец од објавување на јавниот повик на име на барателот, доколку добитокот го одгледува на сопствени ливади и пасишта | Да |

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ 2026

Ова Упатство е **БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК** наменет за потенцијалните корисниците на средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2026 – Мерка 213, во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на „Барањето за исплата“.

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
бул. „ 3-та Македонска бригада“ бр.20
(зграда на Македонија Табак блок Ц )
1000 Скопје

електронска верзија на пакетот за аплицирање на веб-адресата на Агенцијата:

www.ipardpa.gov.mk

*Март 2026*